НОВА МАКЕДОНИЈА

# Пензионерски видици

ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година II
број 16
28 април
2006 год.

XVII седница на Извршниот одбор на СЗПМ

## Усвоен Правилник и пропозиции за спортските натпревари

Централна тема на XVII- та седница на Извршниот одбор на СЗПМ беше новиот Правилник со пропозиции за спортските натпревари, со начинот на рангирањето на екипите и доделувањата на пехарите и медалите. Уводни напомени даде претседателот на Комисијата за спорт Ѓорѓи Трпчески. **Се донесе и одлука годинашниве XI традиционални републички спортски пензионерски натпревари да се одржат на 9 септември на локалитетот на „Агроплод“ на Крани.**

Со седницата раководеше претседателот Душко Шурбановски, а во дискусијата учествуваа Ѓорѓи Серафимов, Арсен Илиевски, Асим Јусуфи, Душко Перески, Чедо Георгиевски, Бесник Поцеста и Андон Марковски.

На седницата беше донесена и одлука годинава да се одржат четири регионални ревии на музика, игра и песна и две меѓурегионални приредби. Се истакна дека за порегуларно и поуспешно одржување на овие ревии ќе треба да се изготви Правилник со пропозиции за изведба и учество на оваа културна манифестација на пензионерите, на која се очекува да присуствуваат фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти од најголем број здруженија на пензионери во нашата земја.

Беше актуелизирана и потребата за нормативно уредување на дејноста на солидарните фондови на здруженијата и за регулирање на нивната меѓусебна соработка на овој план.

Извршниот одбор на СЗПМ на оваа седница се заложи и за создавање на документационен центар, за архивирање и современо забележување на сите позначајни пензионерски активности, одлуки и ставови.

**Д.А.**

## Време на отчети

Првиот квартал на годината во здруженијата на пензионерите-членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е резервиран за одржување на "отчетни" седници на собранијата на здруженијата. Извршните одбори на собранијата со своите помошни тела и стручните служби подготвија годишни извештаи во кои се објаснува што работеле, ги прикажуваат ефектите и набележуваат теми што би биле примарни за нивната дејност во тековната година. Извештаите претставуваат основ за оценка и критика на ангажираноста, се извлекуваат заклучоци и се бараат формите кои придонесувале за позитивна оценка на работата.

Органите на здруженијата главно биле зафатени со подготовките и одржувањето на пензионерски спортски игри кои имаат натпреварувачки карактер. Се проверуваат спортските вештини, физичката кондиција и комплетираат реквизитите и опремата прво за натпревари во рамките на здруженијата, а најдобрите потоа учествуваат на квалификациите за учество на завршните натпревари.


Пензионерска соработка на градско ниво - Скопје

Фото: Томе Манов

Најголемиот број здруженија во извештајниот период биле ангажирани и со подготовките за културно-уметничките друштва за учество на регионалните ревии, а потоа и на завршните. Се настапува со песни, игри и музика, негувајќи ја главно изворната песна и игра.

Во извештаите доста простор се дава и на другите видови средби и дружења на пензионерите по разни поводи и без нив. Секоја година на иницијатива на активите на жените пензионерки се одржува манифестацијата во Велес "Благцата на баба". На средбата учествуваат пензионерки и по некој пензионер скоро од сите здруженија на пензионерите. Во Виница се одржува манифестацијата "Томина недела" на која исто така се собираат и со песна, музика и игра се забавуваат пензионерите од голем број здруженија. Во Југозападниот регион се одржуваат културните средби на пензионерките и пензионерите од овој регион, дружејќи се и забавувајќи се. По повод 8-ми март се одржуваат средби со културно-забавна програма, се организираат многубројни излети и екскурзии и уште многу други манифестации кои придонесуваат барем за еден ден да ја заборават старосата, да се отргнат од меланхолијата што ги зафаќа старите лица.

Сето тоа на отчетните седници добива секогаш позитивна оценка, но и предлози за подобро организирање во идниот период и помасовно учество.

На отчетните седници предмет на оценка се прашањата сврзани и со здравствената заштита на пензионерите. Нема здружение во извештајот да не подвлече дека состојбите во оваа област се неповолни. Постојано се критички оценките за недоволната снабденост на аптеките со лекови од позитивната листа. Во помалите места се најавува укинување на службите за итна медицинска помош, а пензионерите кои живеат во руралните места за да добијат лекарска помош треба да патуваат и по 30 километри, но ако треба да бидат прегледани од лекар специјалист тогаш уште повеќе се усложнува прашањето. Специјалистот не издава рецепти, па мора да се враќаат кај матичниот лекар за рецепт, а потоа назад во градскиот центар за лекови и ако ги нема тогаш и трошоците и малтретирањето не можат да ги заборават. Значи, здравствената заштита на пензионерите претставува голем проблем кој се истакнува на секоја отчетна седница на здруженијата. Извршниот одбор на СЗПМ за ублажување на оваа состојба деновиве организираше средба со претставниците на здруженијата на која присуствуваа министерот за здравство и директорот на Фондот за здравствена заштита на Македонија. Беше истакнато сè што ги мачи пензионерите од областа на здравствена заштита. Првите луѓе задолжени за здравствената заштита ветија на пензионерите дека снабденоста со лекови од април месец видно ќе се подобри, а ќе се преземаат и други мерки за подобро функционирање на здравствената служба.

На сите отчетни седници акцент се става на ниските пензии и неадекватно следење за трошоците на живот и на порастот на просечните плати на одделни групации во општеството. Пензиите остануваат на исто ниво од пред неколку години, и од почетокот на 2006 година се покачија само за 0,48%. Пензионерите осиромашуваат од година во година. Иницијативите на органите на Сојузот до Собранието и до Владата и ФПИОМ за подобрување на материјална положба на пензионерите остануваат без ефекти. Скоро на секоја седница се бара преземање од Сојузот поригорозни мерки пред органите на државата. Многумина изјавуваат дека на престојните парламентарни избори нема да гласаат. Бараат на листите на партиите за кандидати за пратеници да бидат ставени и пензионери зашто оваа популација не само што е заслужна за тоа, туку има и кадровски потенцијал: од академици до доктори, инженери, професори и други струки. Граѓани со долго животно и стручно искуство кои можат да придонесат, се чувствуваат отфрлени од општеството, на маргините се. Инсистираат на поголема почит од помладата генерација. Се укажува дека од пензиските примања, колку да се ниски, живеат не само пензионерите туку дури и две генерации.

На отчетните седници на здруженијата можат да се чујат и пријатни работи. Во еден број здруженијата на изнемоштените и болни пензионери им се дава регрес за користење на бањи, на послабо имотните-оние со ниски пензии, обично за новогодишните празници им се доделуваат пакети со прехранбени артикли и средства за лична хигиена. Се доделува и еднократна помош ако се во криза поради тешка болест и операција.

Најмногу поддршка се дава на солидарните фондови, бидејќи државата одамна дигна рака од давање помош за погребување на корисниците на пензија. Пензионерите од Република Македонија за една година сами издвојуваат за овие потреби над 377 милиони денари.

Сепак треба да се одбележи дека на голем број отчетни седници пензионерите изразија благодарност до ФПИО за редовната исплата на пензиите и на државата што го дотира Фондот со над 10 милијарди денари годишно, за да може редовно да сè исплатуваат какви, такви, пензии.

Пензионерите не мируваат. Има голем број иницијативи од здруженијата кои граничат со пензионерски здруженија од соседните земји за воспоставување контакти за дружење и размена на искуства во организирањето и делувањето на пензионерските асоцијации.

Вредно е да се подвлече дека СЗПМ е единствена мултиетничка и мултиконфесионална и најбројна невладина и непартиска асоцијација.

**Д. Шурбановски**

## „Неговото височество пензионерот“ - книга со богата содржина и драгоценост

Деновиве од печат излезе публицистичката книга "Неговото височество пензионерот" од познатиот новинар и публицист **Драги Аргировски**.

Со нетрпение и нескриен интерес ја очекувовме книгата, бидејќи знаевме дека е напишана и дадена во печат. Денеска веќе ја имаме. И многу сме задоволни што е така. Држиме во раце за нас една драгоценост. Тешко е да се одреди што ја чини толку знајачна и интересна.




На нејзините околу 230 страници наоѓаш четива кои се и историја и информација и приказ и игра на текст со фотографија како испреплетена целина; чувствуваш буен ритам, чувствуваш прекрасен живот меѓу корицаш со напишани ретко погодени наслов. Зад него се кријат гр[illegible] податоци кои [illegible]тративно кажуваат еден дел од богатата историја на нашата организација и се подвлекуваат со голема силина најважните и најзначајните прашања со кои таа се носи како во најбитна содржина и состојба и бара за нив решение. Авторот за нив вели дека се тоа отворени прашања на пензионерското живеење за кои одговорните субјекти сè уште не покажале ниту пристоен и нужен интерес ниту се обиделе да дадат решение. Но, подвлекува авторот, една од поентите и целите на книгата е и на ваков начин, покрај она што го прави од своја страна раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, да се анимира власта и јавноста и поттикне на ангажирање за менување на незадоволувачките и незавидните состојби во кои се наоѓаат голем број пензионери зад кои стојат најмалку уште толку сопружници, деца и внуци зависни од пензиите. А тоа е бројка од најмаку една четвртина од населението на Македонија.

Книгата е сериозен прилог кон историјата на пензионерската организација, барем за некоку последни години. Успешното одбирање на еден дел активности, обработени на аналитичко-информативен начин ја чини историчноста како денешна актуелност, како непрекинатиот тек на река настани, како непрекината раздвиженост на голем број учесници во различни области на животот во кои се присутни и радости и таги и спортски рекреативни, културно забавни и слични збиднувања. Во вакво светло ќе се најдат многу пензионерски здруженија претставени преку новинарски приказ за она што го чинеле во изминатиот неколкугодишен период.

Една голема галерија на ликови застапени во книгата ја прави уште попривлечна. Тоа се, главно, носителите на она што се случува во нашето секојдневие, иницијаторите и реализаторите на многу идеи и желби за збогатување за современоста обременета со многу сивила и тешкотии. Виталноста на овие дејци предизвикува почит и внимание и наидува на признание на средините каде се ангажирани. Ваквата композиција на книгата е значаен прилог кон одбележувањето на 60-годишнината на живот и работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Авторот Драги Аргировски со оваа книга дава голем придонес во јавниот живот на Републиката. Некако тоа и се очекуваше од него. Неговиот новинарски и публицистички смисол да најде и издвои актуелно, важно, провокативно, афирмативно, информативно, со еден збор значајно и интересно и во овој случај доаѓа со силен израз. Го познавам од млади години кога ја започнуваше својата богата новинарско-публицистичка кариера. Нејзиниот тек е одбележан со многу успешни дела меѓу кои и 14 публицистички книги од различни области и по прашања од големо значење за македонското општество во повеќедецениското негово живеење. Го познавам како сериозен посматрач, аналитичен, објективен, ангажиран општественик, критичен и вистинољубив деец во деликатната журналистичка област, сеедно дали е збор за настап и напис преку весник, радио, телевизија или книга. Таков се покажа и со своето последно публицистичко дело кое со нескриено задоволство го препорачувам на секој добронамерен читател, млад или стар, љубопитен или предизвикан според својата работна и општествена определеност и задолженост и заинтересираност за светот на пензионерите.

**Чедо Георгиевски**
**секретар на СЗПМ**

Од работата на Стручната служба на Фондот на ПИОМ

# Одржана Меѓународна конференција за инвалидски пензии и пензии со стаж на осигурување што се смета со зголемено траење

*- инвалидизираните лица треба и можат да бидат вклучени во работната средина, односно да бидат интегрирани, а не исклучени од општеството*

Во организација на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на 20 март 2006 година, во просториите на хотел „Континентал", се одржа меѓународна конфернција на тема "Трасирање на патот напред за инвалидските пензии и пензиите со стаж на осигурување што се смета со зголемено траење".

Главна цел на оваа конференција беше да се разменат искуствата во врска со инвалидските пензии и пензиите со стажот на осигурување што се смета со зголемено траење или популарно наречен "бенефициран стаж", со земјите - членки на Европската унија како што се Словенија и Грција , како и земјите кандидатки за членство во ЕУ- Бугарија и Хрватска. Поради тоа, главниот осврт на конференцијата беше насочен кон прилагодување на регулативата за остварување на инвалидските пензии и пензиите остварени со стаж на осигурување што се смета со зголемено траење, односно нивно усогласување според европските стандарди, што претставува еден од факторите за интеграција на Република Македонија во Европската унија.

На оваа значајна конференција присуствуваа седумдесетина преставници од повеќе министе-



рства, органи на управата и фирми кај кои постојат работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

Конференцијата ја отвори со поздравен говор, заменикот на министерот за труд и социјална политика при Владата на РМ **Самка Ибраимовски**. Нагласувајќи, меѓудругото, дека треба да се изготви нова законска регулатива за пензиско и инвалидско осигурување, која ќе биде во согласност со директивите на ЕУ, тој објасни дека минатата година во Македонија стапија во сила измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, но во него, дефиницијата за инвалидност одговара во целост на она што се сметаше за дефиниција во поранешна Југославија. Притоа, укажа дека неопходната реформа во законодавството во делот на системот за инвалидност има две цели: да се намали приливот на нови инвалиди на трудот, а инвалидската пензија да преставува резултат на вистинска и крајна неспособност за работа. Тој потенцира дека системот за пензиско и инвалидско осигурување во овој дел треба да се усогласи со Законот за работни односи од 2005 година, бидејќи работниот однос веќе нема статусен, туку договорен карактер. Затоа, мора да се најде ново решение и дефиниција за инвалидноста, како и усогласување на институтот бенефициран стаж согласно европските директиви.

Во воведниот збор, директорот на Фондот на ПИОМ, господин **Бошко Китановски**, поширoко се осврна на постојната регулатива за остварување на инвалидските пензии и правото на бенефицираниот стаж. При тоа, нагласи дека измените во Законот за пензиското и инвалидското осигурување минатата година беа направени во насока на зголемување на објективноста во самата постапка на оценување на инвалидноста, што не значи и намалување на правата. Всушност, резултат на одржувањето на оваа конференција преставува продолжување на реформите, особено во јавниот пензиски фонд. Практично, тој побара измена на дефиницијата за инвалидност и повторно редифинирање на правата во однос на бенефицираниот стаж во согласност со европските стандарди, што би требало да произлезат од конференцијата, но и од испитувањето и истражувањето на консултантите од Светската банка кои работат на овој проект.

Во своето излагање тој посочи дека од 2001 до 2005 година, 22 работодавци поднеле барања за утврдување на 775 работни места со зголемено траење, односно остварување на право на бенефициран стаж и тоа во црната металургија, рудниците, хемиската и фармацевтската индустрија и други и дека по пет години се направени ревизии на 499 работни места, од кои 449 се потврдени, а на 50 работни места им е укинато ова право.

На конференцијата **Дејвид Калунд,** директор на фирмата Callund Consultung Ltd, (водечки консултант на проектот, од Велика Британија), се осврна на остварувањето на правото на инвалидски пензии и другите права, како и правото на бенефициран стаж за одредени осигуреници. Притоа, оценувајќи ги како доста позитивни досега преземените чекори, укажа дека се очекуваат многу активности и во следниот период. Смета дека инвалидизираните лица треба и можат да бидат дел од во работната сила, односно да бидат интегрирани, а не исклучени од општеството. Ова посебно се однесува за оние кои не се целосно инвалидизирани, додека оние кои се работно неспособни треба да добијат финансиски надоместок, заради што е неопходна вистинска идентификација на овие лица.

На конференцијата со своите излагања настапија и **Антон Добрина**, аналитичар во Министерството за труд, семејство и социјални работи во Словенија, **Миховил Рисмондо**, од Хрватскиот институт за пензиско осигурување, **Христина Митрева**, генерален директор и главен актуар во Националниот социјален институт на Бугарија, како и **Димитрис Микарикопулос**, од Институтот за социјални иновации (ИСИ) во Грција. Тие се осврнаа на историјатот и сегашната практика во врска со остварување на инвалидските пензии и пензиите со бенефициран стаж во нивните земји.

Излагањата кај присутните побудија големо интересирање, што се потврди преку многубројните дискусии, но и коментари, кои беа во насока:

- инвалидизираните лица да бидат вклучени во работната средина, односно да бидат интегрирани, а не исклучени од општеството;
- работникот што подолго да се задржи на работата во согласност со преостанатата работна способност;
- да се подобрат условите за работа преку користење на современа технологија;
- превземање на соодветни превентивни мерки за заштита при работа.

И на крај, треба да се истакне дека меѓународната конференција, како што и се очекуваше, помина во најдобар ред, благодарение на добрата и стручна организација на вработените во Фондот, кои непосредно имаа активно учество во нејзината подготовка.

**Анастасија Нелковска**

## Во посета на...

Здружение на пензионери во Свети Николе

# Поангажиран однос кон сите пензионерски прашања

Убав пролетен сончев ден. Во зеленото Овчеполие на сончевите зраци како да се радуваа штотуку изникнатите житарици, но и земјоделците, бидејќи предходниот ден како по порачка падна потребното количество дожд.

На полето како зелен килим, меѓу земјоделците се забележуват и постари лица. Ова е земјоделски крај, вели **Мирко Данаилов,** претседателот на Здружението на пензионерите на Свети Николе, така што многу пензионери можат да се забележат на полето како работат или како даваат совети на своите наследници за тоа како се одгледуват квалитетна пченица, јачмен и други земјоделски култури.

Во Здружението на пензионерите во Свети Николе членуваат околу 2.160 пензионери корисници на старосна и семејна




пензија и нивни брачни сопатници, а вкупната активност е втемелена врз одредбите на Статутот, Програмските насоки и задачи и други акти од интерес и потребите на пензионерите. При тоа се дава можност сите пензионери да учествуваат во програмските активности. Токму поради тоа се настојува да се воспостави потребна координација со ограноците. Постојат 9 ограноци, од кои 3 во Свети Николе и 6 во селата на Овчеполието.

- Од активноста на некои ограноци не сме задоволни, констатира Данаилов, поради тоа се прават напори преку одредени активности и форми да се создадат услови, што ќе иницираат соодветна динамика и напредок во сите сегменти во животот на пензионерите.

Во текот на минатите години Извршниот одбор на Здружението одржало шест седници, со присуство и на претседателите на ограноците и на делегатот на Собранието на СЗПМ, на кои беа разгледани информацијата за соработката со ПИОМ, финансиската состојба на здружението и на Солидарниот фонд, работата на Клубовите на пензионерите, учеството на спортските игри, снабдување со огревно дрво и друго.

Во клубовите на пензионерите во Свети Николе, Горобинци, Ерџелија, Амзабегово и Мустафино се создадени услови за активно дружење, за следење на телевизија, читање весници, играње шах, табла, карти и домино. Клубот во градот секогаш е масовно посетен.

По битни прашања, како што се извештаите за работата на Здружението, пршањата за здравствената заштита и снабдувањето со лекови од позитивната иста, воведен е и новитет со одржување на Собирот на пензионери.

-Во сите активности на Здружението видна активност покажува и Активот на жените, истакна претседателката **Драгица Апостолова** и се настојува што поголем број пензионерки да бидат ангажирани во културно-уметничките, спортските и другите активности. Минатата година Активот беше и домаќин на жените-пензионерки од десетина градови во нашата земја.

Здружението на пензионерите од Свети Николе има видна соработка со пензионерските организации од Струмица, Радовиш, Штип, Виница, Куманово, Пробиштип, Велес, Кочани, Кратово и Крива Паланка, а забележително масовна беше средбата на зелено што беше



Мирко Данаилов

организирана во месноста "Ѓуриште".

Претседателот Мирко Данаилов посебно ни зборуваше и за успешната соработка со локалната самоуправа и градоначалникот, со боречката организација, со Црвениот крст и со Домот на културата "Крсте П. Мисирков", каде пензионерите редовно ги следат културно-просветните настани, како и театарските претстави на Градскиот аматерски театар "Сцена 71" и настапите на КУД "Јанко Глигоров".

Одредени инвестиции се вложени и за уредувањето на Домот на пензионерите во Свети Николе, за нова водоводна инсталација, поправка на кровот и средување на 12 соби во кои живеат пензионери.

- Сите проблеми што се јавуваат тековно се решаваат, нагласи Данаилов, а годинава посебно ќе се настојува во работата на органите и телата на здружението да се зајакнат демократските односи, да се применува доследна јавност во работењето, се повеќе да се прифаќаат иницијативите од пензионерите





за збогатување и унапредување на севкупната дејност.

Здружението на пензионерите од Свети Николе во јуни годинава ќе биде и домаќин на регионалната фолклорна ревија на која се очекува да настапат фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти од Штип, Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Злетово, Лозово и градот домаќин.

Воедно, се планира со посебна свеченост да се одбележи и 20 септември - Денот на пензионерите на Македонија и 60 годишнината од формирањето на пензионерската оргнизција во нашата држава.

**Драги Аргировски**

## СКОПСКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ ПАРАЛЕЛИ

Собрание на Здружението на пензионерите "Гази Баба"

# Синтеза на целокупната активност

По јавната расправа во ограноците на кои присуствувале околу 350 пензионери, со корисни предлози, мислења и иницијативи, Собранието на Здружението на пензионерите "Гази Баба" деновиве на одржаната седница ги усвои извештаите за работата на органите и телата во 2005 година, како и за приходите и расходите.

Во уводното излагање што го поднесе претседателот на Извршниот одбор **Душан Пересски** беше дадена синтеза на целокупната активност во минатата година преку три структурални подрачја.



Статутарната и законската регулатива, според Перески, била многу успешно, содржајно и корисно извршена преку органите и телата на Здружението. Во Здружението делуваат 10.678 старосни и семејни пензионери и 1.100 нивни сопружници. Од сите нив во Собранието се избрани 33 члена, во Извршниот одбор 11, во Надзорен 5, во пет Комисии 50 члена, во 11 ограноци 77 члена, а работат и 8 Клубови на пензионери. Воедно во асоцијативните форми: во КУД "Пензионер" активни се 40 членови, во Активот на жените 60 и во трибина за едукација 90 членови, додека во спортски дисциплини редовно тренираат 80 члена.

И во минатата година успешно биле организирани излети до туристички места, а е збогатена соработката со повеќе здруженија од нашата земја.

- Сите овие форми ја претставуваат широката платформа на активноста на здружението преку што може да се констатира дека постоиме и функционираме заради пензионерите и дека средствата што се собираат од членарината се трошат за нив преку најразлични форми на работа и активност, истакна Душан Перески.

Позитивна оценка беше дадена и за работата на Солидарниот фонд, како и за хуманитарните акции, со оглед на тоа што голем број пензионери имаат потреба од помош и заштита.

Собранието го поздрави **Коце Ристовски** претседател на Општинскиот одбор на Сојуз на борците, залагајќи се за уште подобра соработка, особено во одбележувањето на историските настани и личности.

Претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** зборуваше за создавање на подобри услови за здравствената заштита на пензионерите и за снабдување со лекови од позитивната листа, како и за заштитата на пензионерскиот стандард.

По предлог на ограноците Собранието донесе одлука за јавна благодарност на Душан Перески за особен придонес во унапредувањето и афирмацијата на здружението во 2005 година.

На оваа седница, со која раководеше претседтелот на Собранието **Киро Вељановски,** беше усвоена и Програма за работа на органите и телата во 2006 година и предлог финансов план.

**Д. Арг.**

Собрание на Здружение на пензионери "Кисела Вода"

# Позитивни резултати во работењето



Годишната пресметка на приходите и расходите на Здружението и на Солидарниот фонд за взаемна помош на корисниците на пензија за 2005 година, како и извештајот за работата на Извршниот одбор и Предлог-програмата, беа во фокусот на вниманието на членовите на Собранието на Здружението на пензионерите на "Кисела Вода", што деновиве се одржа во рекреативниот центар во Катланово.

Со седницата раководеше претседателот на Собранието **Доне Тодоровски**, а воведни напомени по предложените материјали имаше претседателот на Извршниот добор **Петар Стојановски**, кој при тоа посебно потенцираше дека во минатата година беа остварени зголемени активности на сите полиња на пензионерското ангажирање и дејствување, а со домаќинско работење во вкупните приходи и расходи е остварена забележителна позитивна разлика, што е гаранција за успешно работење и во 2006 година. Стојановски се заложи и за подобрување на статусот на пензионерите во нашата земја, бидејќи и покрај редовно примање на пензиите, животниот стандард занчително е опаднат, дотолку повеќе што поради големата невработеност, со скромните средства од пензиите се издржуват цели семејства.

Здружението на пензионерите "Кисела Вода" има 18.870 членови што непосредно делуваат во 12 ограноци и 9 Клуба на пензионери. Покрај разгледувањето на актуелните проблеми и прашања од секојдневното живеење на пензионерите, акцент е даден и на културно-забавниот живот и одмор, преку организирање на средби по повод дочекот на нова година, прославата на 8 Март и учеството на регионални и републички културни манифестации. Организирани се и посети на културно-историски споменици, забави и предавања, а во сето тоа посебна активност имале ограноците од Драчево, Јане Сандански, Лисиче, Цветан Димов, Кисела Вода, 11 Октомври, Бирарија и Пинтија. Меѓутоа, според потенцијалите што ги има во здружението многу подобри резултати се очекуваат на полето на спортските активности.

Посебно добри резултати се постигнати во акцијата за мерење притисок и шеќер во крвта во која беа опфатени околу 700 пензионери, како и во грижата и помошта на стари и изнемоштени лица.

Во дискусијата, **Душко Николовски, Ѓорѓи Стефановски, Душко Атанасовски, Живко Манојловски, Петар Димовски, Димче Богатиновски, Јоаким Заовски, Чедо Василевски, Цветко Конески и Владо Симовски** ги елаборираа изнесените финансиски и други резултати во работата.

Претседателот на Градскиот сојуз на здруженијата на пензионерите во Скопје **Крсте Ангеловски** се заложи за почитување на фактите и податоците, а претседтелот на СЗПМ **Душко Шурбановски** говореше за приоритетните прашања на активностите, посебно за подобрување на здравствената заштита, за усогласување на пензиите со животните трошоци, за нови релации на информирањето и друго.



Беше констатирана и потребата од поголема соработка со локалната самоуправа од општините Кисела Вода, Аеродром, Студеничани, Сопиште и Зелениково.

**Д.Арг.**

Собрание на Здружение на пензионери „Карпош"

# Функционирањето на ограноците на преден план

Собранието на најбројното пензионерско здружение во нашата земја деновиве на проширена седница ги разгледа и усвои: Извештајот за работа на Извршниот одбор во 2005 година, годишната сметка на приходи и расходи, финансовиот план и програмата за работа на здружението во 2006 година, како и Одлуката за измени и дополнувања на статутот.

Со седницата раководеше претседателот на Собранието на здружението на пензионерите "Карпош" **Драгомир Пановски,** а уводни напомени по предложените материјали имаше претседателот на Извршниот одбор **Неделко Трајановски,** истакнувајќи дека е постигната добра финансиска состојба со целосно остварување на програмските задачи и домаќинско работење. Тој напомна дека посебно се водела сметка за заштита на стекнатите права од пензиско осигурување, на редовна исплата на пензиите, но и на нивно усогласување со животните трошоци и платите, за што се подржуваат иницијативите на СЗПМ за поадекватно решавање на проблемот. Трајановски посебно внимание му посвети и на функционирањето на ограноците, за создавање подобри услови за нивното дејствување, за што е воспоставена соработка и со локалната самоуправа, но видни резултати се уште нема.



Во Здружението на пензионерите "Карпош" членуваат 19.285 панзионери, но поради немање просторни услови голем проблем постои и за отворање Клубови на пензионери слични на "Владо Тасевски" кој ги оправда сите очекувања.

На седницата на Собранието во поднесените материјали и во дискусијата во која учествуваа **Катерија Ношпаловска, Иванка Јаневска, Стојко Трпески, Коста Поповски, Трпко Трпковски, Ратка Илиевска** и **Благоја Божиновски**, искажана беше општа оценка за успешна работа, но и заложба за следење на социјалната состојба на членовите на здружението, за уште подобри резултати на спортско и културно поле, за одмор и рекреација и за информирањето.

**Нико Николовски,** претседател на Општинскиот сојуз на борците укажа на заедничките интерси на двете здруженија **Андреј Огњаноски** и **Никола Лавчински**, гости од Гостивар и Делчево ја истакнаа сорботката и потребата од организирање заеднички екскурзии и излети, додека претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** зборуваше за проблемите од социјално-хуманитарната сфера, истакнувајќи ја потребата од усогласување на ставовите за Солидарниот фонд, од заштита на стандардот на пензионерите и за настојувањето на листата за пратеници за јулските парламентарни избори да има истакнати пензионери.

**Андон Марковски**, потпретседател на СЗПМ информираше за последната средба во Министерството за здравство и за преземените мерки за подобрување на снабденоста со лекови од позитивната листа, како и за грижата за сочувување на здравјето на пензионерите.

На седницата едногласно се усвоија измените на Статутот на здружението, со што во наредните избори функцијата на член на Извршниот одбор ќе биде неспоива со член на Собранието.

**Д.Аргировски**

Конститутивна седница на Собранието на здружението на пензионери Ѓорче Петров

# Пред нови активности и задачи

На 18.04.2006 година Собранието на здружението на пензионери одржа конститутивна седница, на која беа верифицирани мандатите на ново избраните членови на Собранието и донесена Програма за рбота на здружението.

На седницата покрај досегашните членови на Собранието и новоизбраните присуствуваа и м-р Вите Исјановски, почесен претседател на СЗПМ, Никола Конески- член на Извршниот одбор на СЗПМ и Сокол Митровски, градоначалник на општина Ѓорче Петров.

Во дискусијата беше истакнато дека во досегашниот период Здружението не покажало некоја значајна активност. Посебно беше истакнато дека поранешното Собрание, Извршниот одбор и нивните органи и тела не биле конституирани и избрани според статутот на здружението и дека нивниот мандат истекол уште во февруари 2005 година. Во сите месни заедници во општината се одржани собири на пензионери, на кои присуствувале од 40 до 80 пензионери. Посебно била истакната потребата од поголема информираност на членството и отворање на клубои на пензионери.

Градоначалникот на општината **Сокол Митревски**, учествувајќи во дискусијата посебно нагласи дека Здружението има полна подршка од локалната самоуправа и конкретна помош за отворање на пензионерско катче во секоја месна заедница, односно во сите девет ограноци: Ѓорче Петров, Мирче Ацев, Дексион, Даме Груев, Кисело Јаболко, Волково, с. Орман, с. Кучково и с. Ново Село.

**Вите Исјановски** истакна дека е пријатно изненаден од тоа како успешно е оргнаизирана конститутивната седница на Собранието.

**Никола Конески** член на ИО на СЗПМ ја истакна ангажираноста на Сојузот во надминувањето на напластените проблеми што ги тиштат пензионерите во секојдневниот живот.

На крај беа избрани Извршен и Надзорен одбор и Комисија за Статут и правни прашања.

За претседател на Собранието беше избран **прим. д-р. Јован Тасевски**, а за потпретседател **Крсто Златевски**, за претседател на Извршниот одбор **Методија Новковски**, а за потпретседател **Цветко Михајловски**.

